# Living the Lotus

## Buddhism in Everyday Life

2
2023
VOL. 209











*Rissho Kosei-kai of Ulaanbaatar*


Living the Lotus
Vol. 209 (Февруари 2023)

Објавено од Ришо Косеи Каи


Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp


Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи


Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Тоа што им се случува на другите луѓе исто така се случува на вас

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Бивајќи свесни за ароганција и само-бендисаност

Јас мислам дека многу луѓе имаат заедничка желба да живеат долги и здрави животи. Во реалноста сепак, како што ние стануваме постари, секој пат кога ние ги чувствуваме нашите години, се разболуваме, или се соочуваме со нечија смрт, ние можеме да станеме обземени, депресивни, или песимистички.

Поетот од Хеиан-ерата Аривара но Нарихира (825-80) коментирал за ова во неговата конечна поема, која изразува тага и каење за неговата сопствена вообразеност: дВие морате да го следите овој пат / Кој води кон крајот- / Така ми беше речено. / За жал, јас не мислев / Дека тој ден ќе дојде така набргу.е

Никој не сака да прифати дека стареењето, болеста, и смртта ќе дојде до нив. Тоа може да биде човечката природа да сака да таквите нешта само ќе се случуваат на други луѓе и никогаш на нас самите. Запишано е во древните свети книги дека дури и Шакјамуни, во неговата младост, гледал кон постарите со срам и одбивност, велејќи дИако јас, исто така, морам да стареам, тоа не ми одговара,е и кога ќе видел болни луѓе, тој бил загрижен дека дболеста не ми одговарае. Кога ќе видел луѓе како умираат, тој бил слично на тоа исполнет со грижа, срам и одбивност.

Сепак, Шакјамуни се осврнал на таквите мисли, кои настанале заради ароганција која произлегувала од младоста, здравјето, и животот кој тој го примил. Горд дека е млад, разгален со добро здравје, и земајќи го животот здраво за готово без дури да се обиде да го разбере неговото значење, тој бесмислено го презирал стареењето, болеста, и смртта. Осознавајќи ја заблудата на таквото размислување, тој размислувал за неговата сопствена ароганција и гордеденост и ни ја оставил на нас неговата опомена против тоа како дтрите видови на ароганцијае опишани во светата книга.

## Вистински здрав начин на живот

Аривара но Нарихира умрел кога тој имал околу пеесет и пет години. Кога јас бев на таа возраст, јас често велев такви нешта како дОва е мојата година да одам, одам,одам!е затоа што пеесет и пет се изговараат го-ју-го на Јапански. Но кога јас мислам за тоа сега, јас претпоставувам дека бивањето горд на моето добро здравје беше моја сопствена ароганција. Доволно сум сигурен дека во тие денови ми требаше повеќе време отколку што очекував да се облечам за да излезам, и јас сум често болно потсетуван дека јас стареам, додека си мислам во себеси дОва не треба да ми се случува мене.е Затоа што јас ја искусив те шкотијата на продолжување понатаму од ден во ден додека не се чувствувам многу добро заради такви состојби како болка во грбот, јас дојдов до тоа целосно да разберам каков благослов е да се ужива во добро здравје. Исто така, како што блиску го набљудував постепеното опаѓање на Основачот Нивано, јас имав нејасна идеа дека јас ќе стареам исто така; во реалноста, како што стареев јас сосема извесно дојдов до тоа да прифатам дека староста, болеста, и смртта се итните работи за мене лично.

Со искуството, нас ни е речено дека стекнуваме подобро разбирање на чувствата на другите луѓе, посебно нивната тага и страдање. Ова е значењето на созревањето како човечко битие, и според моето разбирање, тоа исто значи станување поблиску до Будата. Заради тоа, важно е да ние брзо ја осознаеме вистината за животот и дека тој е драгоцен.

(Од *Косеи*, Февруари 2023)

# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Животот на Шакјамуни Буда и учењата на Будизмот

### Зборувајќи ги исправните зборови: Исправен говор

Исправниот говор значи адекватна употреба на говорот.

Не е добро да се лаже, да се зборува несериозно, да се зборува лошо за другите, или да се зборува со двоен јазик. Ако вие ги употребувате исправните, сочуствителни зборови, и ги почитувате ситуациите на вашите пријатели, тие исто така ќе ги употребуваат исправните зборови да комуницираат со вас. Меѓутоа, ако вие им кажувате лаги на вашите пријатели, тие ќе ве напуштат.

Заради тоа, ајде да употребуваме љубезни и сочуствителни зборови и да ги култивираме нашите пријателства.







* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Водејќи морален живот: Исправно делување




Исправно делување значи да се живеат чисти секојдневни животи во согласност со дисциплина и правила кои морално го водат нашето однесување. Тоа вклучува станување во регуларно време насабајле, одржување на ветувањата, практикување на весели поздрави како што се дДобро утро!е и дсе гледаме покасно!е правење на домашна работа, прегледување, и припрема за час.

Тоа исто вклучува дела како што се негубење пари, јадење оброци без да се оставаат остатоци, помагање со домашната работа, и склопување на сопствените дланки заедно во почит пред Будистичкиот домашен молитвеник.

Дали вие ги правите исправните делувања? Ајде да се осврнеме на нашето секојдневно однесување.



# Живеејќи со стремеж

## Правејќи завети и ставајќи ги нив во пракса

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Јас бев роден како втор син од шест деца од земјоделска фамилија во Ниигата Покраината, Јапонија. Мојот постар брат остана дома и се грижеше за фамилијата, додека јас завршив како одам на работа во Јапонскиот главен град, Токио, кога јас имав шеснаесет години. Во ноќниот воз кон Токио, јас направив шест завети и си ги повторував на себе.

Првите три беа дЈас никогаш нема да лажам,е дЈас ќе работам со сета моја сила,е и дјас ќе превземам задачи кои другите ќе ги сметаат за непријатни.е

Вторите три беа следниве: Прво, дЈас никогаш нема да се борам со другите. Без оглед колку мизерни се моите искуства, јас ќе се држам цврсто кон верувањето дека тие сите се во согласност со желбите на боговите и будите.е Следно, дјас ќе работам стабилно и напорно, без оглед дали другите ме гледаат или не.е И конечно, дБез оглед колку е непријатна задачата, јас ќе ја исполнам кога еднаш ќе се нафатам на тоа.е

Јас исто ги додадов следните начела затоа што мојот дедо како и мојот татко ме подучуваа на нив скоро секој ден: дСекогаш прави го тоа што е исправно,е дНикогаш не измамувај никого,е дПорасни да бидеш личност кој прави добро за другите,е иеСтани рано и работи до касноe. Јас патував кон Токио со овие завети врежани во моето срце.

Заради моето верно придржување кон тие завети и мојата спремност да страдам тешкотии за да ги применам во пракса, мојот работодавач стекна голема доверба во мене, кажувајќи ми дТолку вреден и искрен млад човек како тебе е редок.е






## A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

twitter

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp